РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08 - 185/2
16.01. 2019 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 23 став 4 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 139/09, 149/09, 50/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16) и член 50 став 13 од Законот за локалната самоуправа, а во врска со објавениот оглас бр.05/2018 (со арх.бр.04-6337/2 од 13.12.2018 година),

Градоначалникот на Општина Велес ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидати по Јавен оглас за вработување на неопределено време

1. Градоначалникот на Општина Велес, по спроведената постапка по Јавниот оглас бр.05/2018 (со арх.бр.04-6337/2 од 13.12.2018 година) за прием на работници во работен однос на неопределено време на работно место- хигиеничар-ниво А3 шфра УПР 04 05 А03 004 – 3 (три) извршители, изврши избор на следните кандидати:

   - Сузана Сенкова
   - Лилјана Митрева
   - Биљана Христова

2. Врз основа на одлуката за избор со избраните кандидати наведени во точка 1 од оваа Одлука, ќе се склучи договор за вработување на неопределено време, започнувајќи од 01.02.2018 година.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Велес на ден 13.12.2018 година објави Јавен оглас бр.05/2018 (со арх.бр.04-6337/2 од 13.12.2018 година) за прием на работници во работен однос на неопределено време на работно место- хигиеничар-ниво А3. Шифра УПР 04 05 А03 004 – 3 (три) извршители утврдени со актот/систематизацијата на работните места на Општина Велес. На јавниот оглас се јавија 8 кандидати.

Комисијата за селекција, формирана од Градоначалникот на Општина Велес, ги прегледа пристигнатите пријави и документи и изврши проверка на истите. Од извршената проверка, Комисијата констатира дека во утврдениот рок поднесени се 8(осум) пријави. Од поднесените пријави седум се со комплетна, а една пријава е со некомплетна документација. За извршената селекција на пристигнатите докумнти и пријави по огласот, Комисијата до Градоначалникот на Општина Велес достави Записник со конечна ранг-листа на селектираните кандидати.

Врз основа на доставениот записник, а  согласно член член 23 став 4 од Законот за работни односи и член 50 став 13 од Законот за локалната самоуправа, Градоначалникот изврши избор на тројца кандидати и донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се изјави приговор до Градоначалникот на Општина Велес во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на Општина Велес.

АП

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски

Доставено до:
-Одд. за човечки ресурси
-Списи и архива